Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

**Повторна објава – оглас**

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), врши повторна објава за слободно експертско место за ангажирање на еден (1) Експерт тип А (експерт од научната фела, слободен експерт) од следната област/модул: **Модул 11: Зазеленување, испорака на комунални услуги, менаџирање со кризи и градење на отпор (Green recovery, delivery of communal services, crisis management and resilience building),** за потребите на проектот „Зајакнување на општинските совети – втора фаза (Empowering Municipal Councils – Phase 2)“, финансиран од Швајцарска Агенција за Развој и Соработка (SDC), Швајцарска амбасада и интегрално спроведуван од Програма за развој на обединетите нации UNDP – Програмска канцеларија во Скопје.

**Објаснувањето на работната задача е објавено на веб сајтот на Здружението.**

Проектот има за цел да се продолжат претходно започнатите активности за зајакнување на општините преку зајакнати општински совети, кои се способни ефективно да ги исполнат нивните зададени улоги на претставување, надзор и почитување на општинската легислатива, со вклучување на активни граѓани.

**Напомена: За овој повик не се подобни експерти со статус на државни, јавни и административни службеници кои засновале работен однос во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закони, како и во институциите кои вршат дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република С. Македонија или од општините, од Градот Скопје, како и од општините во Градот Скопје.**

Доколку сте заинтересирани, Ве молиме да доставите кратко мотивациско писмо со задолжително наведување на модулот за кој аплицирате и Вашата ажурирана биографија со фотографија најдоцна до недела, 25 септември 2022 г., на следнава е-маил адреса: zfr.veles@gmail.com

**Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; e-mail zfrlsjpv@t.mk web site www.zfr.org.mk**
**Даночен број МК 4004997107233 Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**